Димитрије Бужаровски

# Историјата на срушената статуа на Китино Кале во Кичево

Во разговор со мојот пријател Методија Бато Пејоски се појави фотографија од неговиот татко Драгољуб Пејоски, градоначалник на Кичево во 1950-тите години, покрај скелето со градба на статуа со женски акт поставена на Китино Кале. Мене ме заинтересира целата приказна посебно поради револуционерноста да се постави женски акт и тоа во конотација со НОБ, но и настаните што следеле во кои таа била срушена. Нејзиното рушење е поврзано со доаѓањето на Лазар Колишевски, некаде околу 1957 година кога престојувал во домот на Пејоски (немало хотел), статуата не му се допаднала и наредил да се сруши.

Се разбира, следниот чекор беше да се постави целата приказна со фотографијата на социјалните мрежи и да се види дали ќе помогне да дојдеме до дополнителни податоци.

Тоа навистина се покажа плодотворно и се појавија дополнителни податоци, иако и натаму останаа повеќе дилеми и нејаснотии.

Прво и дефинитивно скулпторот е Љубомир Стефановски. Статутата е направена во втората половина на 1950-тите по нарачка на Драгољуб Пејоски.

Најголема веројатност е дека статуата треба да ја претставува Олга Мицеска, посебно што според фотографијата од Википедија, изгледа дека статуата го следи ликот на Мицеска. Мицеска загинува на 1 октомври 1943 година во познатата битка кај Буковиќ. Тогаш имала само 17 години, но веќе била член на КПЈ (за таа возраст изненадувачки). Во споменатата битка против германските и балистичките сили загинале 32 младинци од четата на Мирко Милески (броела 37), кој и самиот имал 20 години. Гледано од денешна перспектива смртта на Мицеска, но и останатите од оваа чета, е апсурден и многу трагичен настан. Очигледно се работело за исклучително млади луѓе со многу мала (веројатно и никаква) воена подготовка и искуство. Татко ми Славко Бужаровски, кој во истиот период пристапил кон партизанските единици, ми раскажуваше слична случка (а можеби е и истата) во која загинала поголема група на тукушто стапени млади борци.

Покрај оваа се појави и варијанта дека споменикот во почетокот на 1960-тите бил нарекуван *Селанката од Копачијата*, во чест на мајка која го барала синот загинат во битките во истиот регион. Но, ова име не одговара на статуата во која очигледно е претставена девојка која се бунтува, а не мајка која го бара синот.

Според Методија Пејоски, парчињата од бронза стоеле долго до 1970-тите години расфрлани во околниот парк.

Меѓутоа, според други сведоштва скулптурата на тоа место стоела барем до 1963 година и била направена од бетон. Така, материјалот и изработката на статуата е првата енигма.

Тоа што имало парчиња од бронза не ја потврдува тезата дека се од неа, бидејќи на истото место меѓу двете светски војни бил поставен споменик на Петар Караѓорѓевиќ, па за време на Втората светска војна биста на Скендербег, па по нејзиното уривање скулптурата на Стефановски.

https://kicevo.mk/spomenicite-od-kitino-kale/

Парчињата може да биле и од некои од претходните споменици.

Сепак, збунувачка е споредбата на двете фотографии за овој споменик.



*Од лево Драгољуб Пејоски со скулптурата во градба; на втората слика е бетонската скулптура*

Иако постои големо ниво на сличност, првата статуа според фотографијата е помала и не изгледа дека е направена од бетон.

Од ова произлегуваат и следните дилеми: кога е срушена првата (ако се две), а кога втората, и што би била причината за рушењето на втората.

Од разговорот со синот на скулпторот Стефановски, Валериј Стефановски, ми беше кажано дека татко му имал нетрпеливост кон Лазо Колишевски и не сакал да зборува за овој настан (што беше потврдено и од други).

Без разлика дали стигнавме до крајот на вистината за настанот, неговото оживување е прекрасен пример за културата на едно време и враќање од заборавот на поединци кои биле битни чинители во неговото обликување.

Скопје, 17 мај 2023 година